Australian Government
Department of Health and Aged Care

medicare

Macedonian




# За директната наплата од Medicare

Директната наплата (bulk billing) од Medicare им овозможува на носителите на Medicare картички пристап до бесплатна здравствена нега, што го олеснува добивањето на потребната нега тогаш кога ви е потребна.

Австралиската влада инвестира во Medicare за да осигура дека Австралијците имаат пристап до здравствена заштита, итна нега и поддршка за менталното здравје по пристапни цени.

## Што е директна наплата?

Директната наплата значи дека вие не плаќате ништо за услугата. Medicare директно му плаќа на вашиот доктор, давајќи ви можност да имате пристап до здравствена нега без да плаќате за трошоците од сопствен џеб.

## Како функционира директното наплаќање?

- **Прв чекор: Посетете го вашиот доктор по општа пракса (GP) или стручниот здравствен работник.** Ако вашиот доктор нуди услуги кои директно се наплаќаат од Medicare, на закажаниот термин треба да ја понесете со себе вашата Medicare картичка.
- **Втор чекор:** Со ваша дозвола, **вашиот доктор по општа пракса ќе поднесе барање директно до Medicare** за наплата на услугата што сте ја добиеле.
- **Трет чекор: Нема потреба од плаќање.** Бидејќи Medicare му плаќа директно на вашиот доктор, не треба ништо да платите кога ќе отидете на закажаниот термин.

## Кои услуги обично директно се наплаќаат?

- **Посети на доктор по општа пракса (GP) и консултации преку телефон (telehealth):** Многу доктори по општа пракса нудат услуги кои директно се наплаќаат од Medicare, посебно за деца на возраст под 16 години, пензионери или лица кои имаат здравствена картичка (Health Care Card).
- **Лабораториски и дијагностички услуги:** Некои тестови на крвта и рендгенски снимки може директно да се наплаќаат од Medicare, во зависност од давателот на услуги.
- **Очни прегледи:** Многу оптометричари нудат очни прегледи кои директно се наплаќаат од Medicare.
- **Стоматолошки прегледи:** За деца кои исполнуваат услови да ја користат Програмата за стоматолошки бенефиции за деца (Child Dental Benefits Schedule - CDBS), многу стоматолози нудат контролни прегледи на забите кои директно се наплаќаат од Medicare.

## Што ако мојот доктор не нуди услуги кои директно се наплаќаат од Medicare?

Ако вашиот доктор не нуди услуги кои директно се наплаќаат од Medicare, вие сепак можете да поднесете барање за надоместок од Medicare откако ќе платите за услугата во целост.

- **Плаќање однапред:** Го плаќате целосниот износ и потоа поднесувате барање за надоместок за услугата од Medicare. За повеќе информации како се добиваат надоместоци од Medicare, посетете ја веб-страницата на Services Australia.

## Како да најдете даватели на здравствени услуги кои директно се наплаќаат од Medicare во ваша близина

- **Користете онлајн алатки:** Алатката за пребарување „Find a Health Service“ (Најдете здравствена служба) може да ви помогне да најдете доктори по општа пракса и специјалисти кои нудат услуги што директно се наплаќаат од Medicare.
- **Јавете се однапред:** Пред да отидете на вашиот закажан термин, јавете се во клиниката за да се распрашате дали нивните услуги директно се наплаќаат од Medicare и дали постојат некакви услови, на пример, старосни граници или поседување на здравствена картичка.



# Повеќе информации

**Сега повеќе Австралијци имаат пристап до бесплатни услуги од доктори по општа пракса благодарение на новите стимуланси за директна наплата од Medicare. За да дознаете повеќе како Medicare може да ви помогне, посетете ја веб-страницата medicare.gov.au/stronger**

Скенирајте за да дознаете повеќе